## Имајте на ум:

Лекот BLINCYTO може да предизвика невролошки настани, вклучувајќи тресење (или тремор), збунетост, пречки во мозочната функција (енцефалопатија), потешкотии при комуникација (афазија) или напади (конвулзија). Доколку ви се појави некој од наведените симптоми, итно обратете се кај Вашиот лекар или медицинска сестра.

**Ве молиме да патувате безбедно до својот дом и не возете или управувајте возила/тешки машини или не учествувајте во опасни активности додека го примате лекот BLINCYTO.**

**Доколку постојат проблеми или неочекувано застанување на инфузионата пумпа, веднаш повикајте го својот лекар или медицинска сестра. Ве молиме не се обидувајте сами да ги решите проблемите.**

верзија 1.0, ноември 2025

# Картичка за пациентот

**Покажете ја оваа картичка на сите здравствени работници во службите за итна медицинска помош и во здравствените установи**

## Информации за лекот BLINCYTO®▼ (blinatumomab)

▼ Овој лек е предмет на дополнително следење. Со оваа ознака ќе се овозможи брза идентификација на нови информации за безбедноста. Вие можете да помогнете во тоа преку пријавување на било кои несакани реакции кои можете да ги добиете.

Доколку забележите било какви несакани реакции треба да го известите Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра. Ова ги вклучува и сите можни несакани реакции кои не се наведени во упатството за употреба на лекот. Со пријавување на несаканите дејства можете да помогнете во обезбедувањето на повеќе информации за безбедноста на овој лек. Несаканите реакции од лекот можете да го пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. Св. Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.Несаканите реакции од лекот можете да ги пријавите и кај носителот на одобрението за увоз АД Д-р Пановски - Скопје, ул. Скупи 3 бр.55, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија кај Надица Димитрова Митрески одговорно лице за фармаковигиланца на тел. 078 432 469 и е-пошта: nadica.d@drpanovski.com.mk.

верзија 1.0, ноември 2025

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ

Моето име е

Во случај на итност контактирајте го

Јас се лекувам со лекот BLINCYTO, како терапија за акутна лимфобластна леукемија на Б лимфоцитни прекурсори, која може да го ослабне мојот имунолошки систем.

Го започнав лекувањето на:

верзија 1.0, ноември 2025

**Пред да ми пружите било какво лекување, Ве молам контактирајте го лекарот кој го пропишува овој лек на бројот подолу.** Доколку правите било каква медицинска проценка, копии од сите медицинските податоци, вклучувајќи и информација за третмани и/или резултати од тестови доставете ги на лекарот/ите наведени подолу.

| | Име | Болница | Град | Телефонски број |
|---|---|---|---|---|
| Хематолог | | | | |
| Онколог | | | | |
| Медицинска сестра од Хематологија | | | | |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKESORE • SHKUP • СКОПЈЕ

верзија 1.0, ноември 2025